УДК/UDC 347.626.97(497.7)

*Проф. д-р Дејан Мицковиќ*
*Проф. д-р Ангел Ристов*

Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје

# НАСЛЕДНОПРАВНАТА ПОЛОЖБА НА БРАЧНИОТ ПАРТНЕР ВО СОВРЕМЕНИТЕ ЗАКОНОДАВСТВА

*Во современите наследни законодавства законските наследници се определуваат врз основа на сродството, брачната врска и други клучни фактори поврзани со оставителот. Денес, за разлика од порано, брачната врска добива се поголемо значење во сферата на наследувањето. Основна причина за подобрување на наследноправната положба на брачниот другар се промените кои се случуваат во бракот, семејството и семејните односи, а кои произлегуваат од современите општествени услови на живеење. Овие промени имаат значително влијание на реформите во наследните права кои одат во правец на подобрување на наследноправната положба на брачниот другар.*

*Во трудот авторите најпрвин ќе дадат краток историски осврт на наследноправната положба на брачниот другар, а потоа ќе се задржат на анализата на положбата на брачниот другар во наследувањето во современите законодавства. Освен тоа, посебно внимание ќе биде посветено на положбата на брачниот другар во македонското законодавство. Врз основа на анализата на македонското законодавство, проблемите кои што се јавуваат во практиката, како и тенденцијата за подобрување на наследноправната положба на брачниот другар во современите законодавства, авторите даваат конкретни предлози за подобрување на положбата на брачниот другар во македонското наследно право. Во таа смисла, тие предлагаат воведување на договорот за наследување помеѓу брачните партнери, воведување на измени во однос на правилата за зголемување на наследните делови во рамките на првиот законски наследен ред,  како и воведување на правото на плодоуживање на заедничкото живеалиште во корист на надживеаниот брачен другар. Имајќи во предвид*

Дејан Мицковиќ, *dejanmickovik@yahoo.com*.
Ангел Ристов, *angelrristov@yahoo.com*.

*дека е во тек изготвувањето на Граѓанскиот законик на Република Македонија,во чии рамки ќе биде уредено и наследувањето, авторите сметаат дека прифаќањето на овие предлози ќе претставува една од позначајните реформи во сферата на наследувањето во Република Македонија.*

**Клучни зборови:** Законско наследување; Брак; Наследноправна положба на брачниот партнер; Право на плодоуживање на заедничкото живеалиште.

*

* *

Една од најзначајните претпоставки за настанувањето на семејството, од постанокот на човештвото па сé до денес, е бракот. И покрај ова, брачната врска во наследното право долго време не била призната како клучен фактор при определувањето на законските наследници на оставителот. За нејзиното признавање како еден од основните фактори од значење за определување на кругот на законските наследници било потребно да поминат векови. Основна причина за ова е големото влијание на патријархалните вредности кои доминирале во традиционалното семејство, во рамките на кое жената била целосно потчинета на мажот.[1] Неповолната положба на жената како брачен другар во општествените и семејните односи се рефлектирала и во сферата на наследувањето.[2] Долготраен и макотрпен бил процесот на приближување и изедначување на наследноправната положба на брачниот партнер со положбата на другите наследници во наследувањето.[3] Со текот

[1] За семејството во традиционалното општество да се види кај Д. Мицковиќ, *Семејството во Европа XVI-XXI век*, Блесок, Скопје 2008, 11–91.

[2] За ова повеќе да се види кај N. Bensadon, *Les droits de la femme,* Presses Universitaires de France, Paris 1980.

[3] Низ историјата жената со милениуми била сметана за објект, а не за субјект и личност која треба да биде заштитена како и секое друго човечко суштество. За лошата положба на жената како брачен другар на оставителот во наследувањето во историјата влијаеле повеќе општествени фактори. Пред сè, најзначајна причина за лошата положба на брачниот другар во наследувањето, а воопшто и во другите сфери од општествениот живот, била економската и општествената доминација на машкиот пол во чии раце била сопственоста на семејството. Под влијание на патријархалните сфаќања, сопственоста на семејството се пренесувала од генерација на генерација исклучиво преку машките потомци. Поради тоа, положбата на жената како брачен другар во општествениот и правниот систем била крајно неповолна. Жената била економски зависна од мажот, а освен тоа таа немала можност да учествува како субјект во правниот промет, бидејќи не и била призната деловна способност. Улога на жената во традиционалното семејство била да се покорува на желбите на мажот, кој бил сопственик на сите добра на семејството, а таа била должна да му обезбеди машко потомство кое ќе го наследи имотот на оставителот. Големо влијание во поддржувањето на подредената улога на жената во семејството и општеството имала и религијата, која се противела

на времето, како што се менувала и подобрувала положбата на жената во семејството и во општеството,[4] така се подобрува и нејзината положба во наследувањето.[5]

Во современите општества, во последните децении од минатиот и почетокот на новиот милениум, битно е променета положбата на брачниот другар во наследното право.[6] Ова се должи на револуционерните промени кои се случуваат во бракот и семејството кои ја наметнаа потребата од реформи во семејните законодавства. Денес, за разлика од минатото, во одредени наследно-правни системи брачната врска се смета за позначаен фактор дури и од крвното сродство.[7] Основна причина за оваа радикална трансформација на наследноправната положба на брачниот другар е во тоа што во современите услови на живеење, во најголем број на случаи, единствено брачните другари остануваат да живеат и да водат заеднички живот до смртта на еден од нив. Децата и другите роднини ја напуштаат заедницата на живот со брачните другари во моментот кога ќе станат самостојни и способни за одвоен живот. Поради тоа, улогата на брачната врска добива сѐ поголемо значење во сферата на наследувањето.

Имајќи го во предвид наведеното, во трудот најнапред ќе биде прикажана наследноправната положба на брачниот другар во македонското наследно право, а потоа, врз основа на анализата на решенијата од според-

---

на било какво учество на жената во општествениот живот. Повеќе за положбата на брачниот другар во наследното право да се види кај: Билјана Поповска, *Историја на правото I дел*, 2 Август С, Скопје 2005, 42–55; В. Ђ. Ђорђевић, Наследно право, Правни факултет, Ниш 1997, 130–131; Љ. Спировиќ Трпеновска, Д. Мицковиќ, А. Ристов, *Наследувањето во Европа*, Блесок, Скопје 2011, 17–47.

[4] За ова види поопширно кај Д. Мицковиќ, А. Ристов, „Промените во семејството и реформите во семејното право во Европските земји", *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на проф. Наум Гризо*, Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Скопје 2010.

[5] Како резултат на тоа што со текот на времето се увидело дека брачната врска е сепак посилна од онаа на поединецот со државата, најпрвин се дозволило жената како брачен другар да има предност пред државата и да добие право на наследство во случај кога оставителот немал други роднини. Меѓутоа, ваквите решенија повеќе биле хипотетички отколку реални. Подоцна, се предвидува правото на плодоуживање на вдовицата во однос на оставината на оставителот. Најпосле, со развојот на општествените и семејните односи, во текот на XX – иот век во голем број законодавства правото на уживање се трансформира во право на наследување во сопственост помеѓу двајцата брачни другари.

[6] Поопширно за ова да се види кај: Љ. Спировиќ Трпеновска, Д. Мицковиќ, А. Ристов, *Наследното право во Република Македонија*, Блесок, Скопје 2009, 82–106.

[7] Подетално за ова да се види кај: Љ. Спировиќ Трпеновска, Д. Мицковиќ, А. Ристов, „Современите тенденции во наследното право", *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на проф. Никола Матовски*, Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Скопје 2010.

беното право и врз основа на потребите кои што произлегуваат од практиката во Република Македонија, ќе бидат дадени конкретни предлози за подобрување на неговата положба во македонското наследно право.

## 1. ПОЛОЖБАТА НА БРАЧНИОТ ДРУГАР ВО МАКЕДОНСКОТО НАСЛЕДНО ПРАВО

По осамостојувањето на Република Македонија и воспоставувањето на новиот уставен, правен и политички поредок, новиот Закон за наследување[8] беше донесен во 1996 година. Решенијата предвидени со овој закон во голема мера беа преземени од претходните закони за наследување – Сојузниот закон за наследувањето од 1955 година[9] и републичкиот Закон за наследувањето од 1973 година.[10][11] Поради тоа, како основни фактори за определување на кругот на законските наследници во важечкото наследно право и понатаму се сродството, бракот и живеењето во трајна заедница. Доколку се направи анализа на решенијата со кои се уредува наследноправната положба на брачниот другар, може да се забележи дека освен револуционерните промени предвидени со Законот за наследување од 1955 година, сè до денес Законот за наследување нема претрпено позначајни промени, и покрај тоа што поминаа повеќе од шест децении. Поради ова, логично се наметнува прашањето дали законодавецот предвидел така добри решенија за регулирање на наследноправните односи, кои со децении успеваат да им одолеат на промените во општествениот живот.

Во важечкото законодавство, законодавецот ги распределува законските наследници во три законски наследни реда, согласно парентеларно-линеарниот систем.[12] Во таа смисла, согласно законските одредби оставителот го наследуваат: потомците на оставителот, неговите посвоеници и нивните потомци, неговиот брачен другар, неговите посвоители, неговите родители, неговите браќа и сестри и нивните потомци и неговите дедовци и баби и нивните потомци (чл. 12 ст. 1). Во македонското наследно право, за разлика од другите законски наследници, брачниот другар, во зависност од околностите, може да се јави како наследник во првиот или во вториот законски наследен ред.

[8] *Службен весник на Република Македонија*, бр. 47/96.

[9] *Службен лист на СФРЈ*, бр. 20/55, 12/65 и 42/65.

[10] *Службен весник на СРМ*, бр. 35/73 и 27/78.

[11] Повеќе види кај B. T. Blagojević, *Nasledno pravo u Jugoslaviji, prava republika i pokrajina,* Savremena administracija, Beograd 1983.

[12] Повеќе за спецификите на парентеларно-линеарниот систем да се види кај: Љиљана Спировиќ Трпеновска, *Наследно право*, 2 Август, Скопје 2009, 109–121; Миле Хаџи Василев Вардарски, *Наследно право*, Култура, Скопје 1983, 128–134.

### 1.1. Наследноправната положба на брачниот другар во првиот наследен ред

Согласно Законот за наследување во првиот законски наследен ред влегуваат децата на оставителот и неговиот брачен другар. Во таа смисла, оставината на умрениот пред останатите наследници ја наследуваат неговите деца и неговиот брачен другар кои наследуваат еднакви делови (чл. 13). Освен децата на оставителот, како наследници во првиот наследен ред можат да се јават и потомците на порано умреното дете, односно детето кое: 1) не го надживеало својот родител (оставителот), 2) е недостојно за наследување, 3) е исклучено од наследство и 4) се откажало од наследството само во свое име. Во ваков случај, потомците (внуците) на оставителот го наследуваат делот што би му припаднал на нивниот предок врз основа на правото на претставување.[13] Во рамките на првиот наследен ред брачниот другар може да се јави и како единствен наследник, но само во случај кога од наследството ќе се откажат потомците на оставителот и нивните потомци (чл. 128 ст. 6).

Во македонското наследно право е прифатен концептот на флексибилни наследни делови, така што во првиот законски наследен ред се предвидува можноста за намалување на делот на брачниот другар за сметка на наследниот дел на децата на оставителот од претходните бракови.[14] Во случај кога оставителот има деца кои не потекнуваат од бракот со надживеаниот брачен другар, а имотот на овој брачен другар изнесува повеќе од делот што би му припаднал при делбата на оставината на еднакви делови, тогаш на секое дете на оставителот му припаѓа двапати поголем дел отколку на брачниот другар (чл. 15). Законодавецот ваквата привилегија, за намалување на делот на брачниот другар, ја предвиду-

[13] Законот за наследувањето, го дефинира правото на претставување како „дел од оставината што би му припаднал на порано умреното дете да го надживеало оставителот го наследуваат неговите деца, внуците на оставителот, на еднакви делови, а ако некој од внуците умрел пред оставителот, тогаш делот што би му припаднал да бил жив во моментот на смртта на оставителот го наследуваат неговите деца, правнуците на оставителот, на еднакви делови и така редум се додека има потомци од оставителот“ (чл. 14). За правото на претставување поопширно да се види кај: Д. Мицковиќ, А. Ристов, „Наследување врз основа на правото на претставување“, *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Љиљана Спировиќ Трпеновска*, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје 2012; А. Ристов, К. Кочковска, „Правото на претставување, правото на прираснување и наследничката трансмисија во македонското наследно право“ *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Кики Мангова Поњавиќ*, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Скопје 2012.

[14] Поопширно за ова види кај Љ. Спировиќ Трпеновска, „Зголемување и намалување на наследните делови“, *Зборник на трудови на Правниот факултет Јустинијан Први во чест на проф. д-р Панта Марина*, Скопје 2008. Исто и кај К. Чавдар, *Коментар на законот на наследувањето*, „Академик“, Скопје 1996.

ва исклучиво само во корист на децата кои не потекнуваат од бракот со надживеаниот брачен другар. Како резултат на тоа, децата чиј родител е надживеаниот брачен другар на оставителот не можат да го остварат ова право. Ова становиште го застапува и судската практика.[15] Од наведеново се гледа дека дека брачниот другар е ставен во дискриминирачка положба наспроти децата, поради што домашната наука подолго време го критикува ваквото решение и се залага за негова измена.[16]

### 1.2. Наследноправната положба на брачниот другар во вториот наследен ред

Брачниот другар се јавува како законски наследник во вториот законски наследен ред во случај кога оставителот не оставил потомци или нивни потомци (внуци, правнуци на оставителот) кои можат да се повикаат на наследство врз основа на правото на претставување. Во вториот наследен ред брачниот другар наследува заедно со родителите на оставителот делејќи ја оставината на по една половина (чл. 16 ст.1). Брачниот другар ја наследува едната половина, додека родителите на оставителот ја наследуваат другата половина од оставината на еднакви делови. Според тоа, може да се забележи дека наследноправната положба на брачниот другар, за разлика од првиот наследен ред, е поповолна во рамките на вториот наследен ред.

Во вториот наследен ред можат да наследат и браќата и сестрите на оставителот и нивните потомци. Тие го наследуваат делот на нивните родители врз основа на правото на претставување (чл. 17). Законодавецот ја уредува и ситуацијата кога и двајцата родители починале пред оставителот без да остават потомство (чл. 19). Во овој случај целата оставина ја наследува брачниот другар на оставителот.

Во рамките на вториот наследен ред може да дојде до зголемување на наследниот дел на брачниот другар за сметка на делот на родителите, а доколку оставината е од мала вредност неа целосно може да ја наследи брачниот другар. Тоа ќе биде возможно само доколку брачниот другар нема нужни средства за живот и притоа бидат исполнети условите предвидени со законот. Така согласно законските одредби, кога брачниот другар кој нема нужни средства за живот е повикан на наследство со наследниците

[15] До намалување на делот на брачниот другар (...) може да дојде само ако со брачниот другар конкурираат синови и ќерки на оставителот од претходните бракови, а не и понатамошното потомство на оставителот, бидејќи овој исклучок е предвиден само во корист на првостепените потомци на оставителот од неговиот претходен брак. *Одлука на Врховниот суд на Војводина*, Гж - 1806/71.

[16] Повеќе за ова да се види кај: Љиљана Спировиќ Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, 82–83; Љ. Спировиќ Трпеновска, Д. Мицковиќ, А. Ристов, 2011.

од вториот наследен ред, судот може, по барање од брачниот другар, да одлучи брачниот другар да наследи и еден дел од оној дел на оставината што би требало според законот да го наследат другите наследници, а може да одлучи и брачниот другар да ја наследи целата оставина, ако е таа од толку мала вредност што со нејзината делба брачниот другар би западнал во скудност (чл. 27 ст. 1). При одлучувањето судот ќе ги земе предвид сите околности на случајот, а особено имотните прилики и способноста за стопанисување на брачниот другар, имотните прилики на другите наследници и нивната способност за стопанисување и вредноста на оставината.[17]

Возможно е да дојде и до зголемување на наследниот дел на родителите на оставителот, а доколку оставината е од мала вредност тие можат да ја наследат во целост. Во таа смисла, според законот, кога родителите кои немаат нужни средства за живот се повикани на наследство со брачниот другар на оставителот, судот може, по нивно барање, да одлучи да наследат и еден дел од оној дел на оставината што би требало според законот да го наследи брачниот другар, а може да одлучи родителите да ја наследат целата оставина, ако е таа од толку мала вредност што со нејзината делба родителите би западнале во скудност (чл. 28 ст.1). Во сите наведени случаи при одлучувањето судот ќе ги земе предвид сите околности на случајот, а особено имотните прилики и способноста за стопанисување на родителите, имотните прилики на брачниот другар, односно на наследниците на умрениот родител и нивната способност за стопанисување и вредноста на оставината.

Најпосле во вториот наследен ред на брачниот другар можат да му конкурираат и лицата кои живеат во трајна заедница. Тоа се чуваникот и хранителот, посинокот и паштерката и очувот и маќеата, снаата и свекорот и свекрвата, зетот и тестот и тештата и лица кои се крвни роднини ако живееле во трајна заедница, која траела најмалку пет години од засновањето па сè до смртта на оставителот (чл. 29 ст. 1).[18] Кога лицата кои живееле во трајна

[17] 1. Правото на преживеаниот брачен другар да бара да наследи и дел од оставината која врз основа на закон би требало да ја наследат другите наследници или да ја наследи целата оставина (...) е лично право и не преминува на наследниците на таквиот брачен другар. *Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. 156/63 од 9.01.1964.*

2. Судот може да одлучи целата оставина да ја наследи брачниот другар на оставителот, кој е повикан на наследство со наследниците во вториот наследен ред, ако оставината е од толку мала вредност што со нејзината поделба брачниот другар би западнал во немаштија, и доколку другиот наследник нема нужни средства за живот. *Одлука на Врховниот суд на Војводина, Рев-256/58.*

[18] Законодавецот за трајна заедница ја смета онаа заедница која траела најмалку пет години и тоа непрекинато од засновањето на односите, па сè до смртта на оставителот (чл. 29 ст. 3). Додека, за чуваник, во смисла на овој закон, се смета детето што некое лице (хранител) го довело кај себе да го чува и одгледува како свое, а не го посвоило (чл. 29. ст. 4).

заедница конкурираат на наследство со брачниот другар, тогаш тие ја наследуваат на еднакви делови едната половина од делот од оставината што би ја наследиле родителите односно браќата и сестрите на оставителот.[19]

### 1.3. Други права  кои му припаѓаат на брачниот другар

Според важечкото закононодавство, освен наследните права од оставината, на брачниот другар му припаѓаат и други имотни права.[20] Имено, ако оставителот имал брачен или вонбрачен другар, тој има право да бара издвојување на неговиот дел од заедничкиот имот којшто го стекнале за време на траење на брачната, односно вонбрачната заедница. Станува збор за имотот којшто е стекнат за време на траењето на заедничкиот брачен живот и кој не влегува во рамките на оставината.[21]  Брачниот другар, покрај делот од заедничкиот имот, има право да ги добие и предметите од домаќинството (мебел, постелнина, кујнски и трепезариски прибор, белата техника и др.), доколку живеел во исто домаќинство со оставителот. Вредноста на овие предмети не влегува во рамките на оставината, а предметите од домаќинството не се пресметуваат ниту во рамките на нужниот дел.[22]

## 2. ПОЛОЖБАТА НА БРАЧНИОТ ДРУГАР ВО СПОРЕДБЕНОТО НАСЛЕДНО ПРАВО

Во европските држави постојат различни решенија во однос на определувањето на големината на наследниот дел што му припаѓа на

[19] Во случај кога на наследство се повикани брачниот другар на оставителот и неговиот чуваник, тогаш оставината ја наследуваат чуваникот и брачниот другар на оставителот на еднакви делови, но доколку брачниот другар на оставителот се откаже од оставината, тогаш целата оставина ја наследува чуваникот. *Пресуда на Апелациониот суд Штип ГЖ бр. 1434/09 од 11.02.2010.*

[20] Поопширно види кај Д. Мицковиќ, А. Ристов, *Граѓанско применето право, Наследно право*, Блесок, Скопје 2011, 28–39.

[21] 1. Судот може да утврди ништовност на договорот со кој еден од брачните другари, без согласност на другиот го оттуѓил имотот за кој судот утврдил дека е нивна заедничка сопственост, а притоа да го утврдува уделот на брачните другари во тој имот. *(Врховен суд на Хрватска, Рев. 1628/85 од 7.11.1985).*

2. Наследниците имаат право да бараат утврдување на правото на сопственост врз основ на стекнување во брак на неговите родители (заеднички имот). Околноста што недвижноста, стекната во брачна заедница, во земјишните книги се води само на еден брачен другар, не го исклучува другиот брачен другар, односно неговиот наследник, да бара да се утврди придонесот на двајцата брачни другари, т. е. родителите на наследникот. (*Одлука на Врховниот суд на Србија, Гж. 1574/78*).

[22] Дополнително пронајден накит со кој завештателот не располагал во својот тестамент се распределува спред Законот за наследување. Пронајдениот накит не може да се смета како предмет од домаќинството. (*Одлука Окружног суда у Београду, Гж. 4250/88*).

брачниот другар.[23] Одредени држави предвидуваат наследниот дел на преживаниот брачен другар да биде поголем од делот што го наследуваат потомците, во други држави, како што е и Република Македонија, тие наследуваат еднакви делови од оставината, а во третата група на држави потомците добиваат поголем дел од оставината.[24]

Последните реформи на наследните права, како во Европа, така и пошироко во светот, имаа за цел да ја подобрат позицијата на преживеаниот брачен другар.[25] Ова се согледува преку подобрувањето на положбата на брачниот другар во законското наследување, со определувањето на можноста брачниот другар да има посебни права во однос на заедничкиот дом, како и преку издвојување на предмети на домаќинството во корист на брачниот другар.[26]

Трендот на подобрување на законската наследноправна положба на брачниот другар е особено нагласен во наследните права на одредени скандинавски држави, како што се Данска и Шведска.[27] Како резултат на тоа, наследноправната положба на брачниот другар, односно истополниот партнер, е многу поповолна во однос на положбата на потомците. Имено, во данското право ваквата положба на брачниот другар, односно истополниот партнер, произлегува од разните можности кои се предвидени во поглед на неговите наследноправните овластувања. Во таа насока, преживеаниот брачен другар по смртта на оставителот има право да остане во владение на целиот заеднички имот на брачните другари, независно од вредноста на имотот или согласноста на потомците, освен ако не се работи за потомци на оставителот од претходен брак или вонбрачна заедница, кога нивната согласност е неопходна. До поделба на имотот може да дојде било кога, но тоа е задолжително кога наджживеаниот брачен другар ќе стапи во нов брак или пак ќе умре. Ако целиот имот на брачните другари се дели за време на живот, на брачниот другар му припаѓа една половина од заедничкиот брачниот имот. Покрај ова, постои и заштитно правило востановено во корист на брачниот другар, според кое, во случај оставината да е од мала вредност, на брачниот другар, независно од наследните права на потомците, му припаѓа првенство во наследувањето.

[23] За ова види повеќе кај M.-H. Place, P. G. Le Miere, *Guide pratique de la transmission du patrimoine en Europe,* Editions Litec, 1993.

[24] Поопширно за ова види кај L. Garb, *International Succession,* Kluwer Law International, 2004.

[25] *Ibid.*

[26] Подетално за промените во наследното право да се види кај U. Spellenberg *et al.*, *Recent developments in succession law – Law in motion,* Kluwer, Antwerp 1997.

[27] Повеќе за ова види кај J. Vidić, „Naslednopravne posledice odnosa srodstva, braka i vanbračne zajednice“, *Pravni život* 11/2009, 871–872.

Во шведското право брачниот другар, односно истополниот партнер, има приоритет во однос на било кои роднини на оставителот, па дури и во однос на заедничките потомци на брачните другари.[28] Врз основа на тоа, оставината на оставителот кој бил во брак, односно регистрираното партнерство, ја наследува надживеаниот брачен другар, односно неговиот истополен партнер. Брачниот другар нема приоритетна положба само „во однос на потомците на оставителот, кои не се истовремно и потомци на надживеаниот брачен другар. Таквиот потомок има право да го бара својот дел од наследството веднаш после смртта на оставителот.“[29]

Како што наведува Видиќ „привилегирањето на наследноправната положба на брачниот другар во однос на наследноправната положба на потомците, како што е тоа случај во правото на Данска и Шведска, во останатите права во Европа претставува реткост.“[30] Во науката ваквото становиште се оправдува со аргументот дека „брачниот другар, по правило, е најблизок со оставителот и поради тоа, заштитата и издигнувањето на интересите на преживеаниот брачен другар е потполно разбирливо и во целост оправдано.“[31] Основниот аргумент за зголемувањето на наследните права на преживеаниот брачен другар се состои во тоа што надживеаниот брачен другар би се соочил со сериозни финансиски проблеми доколку се бара поделба на оставината. Токму поради тоа, во законодавствата на Данска и Шведска се предвидува преживеаниот брачен другар да има право на избор да одлучи дали да остане или да не остане во владение на заедничкиот дом.

Во францускoто наследно право, сé до донесувањето на Законот од 2002 година, преживеаниот брачен другар имаше право само на плодоживање на оставината, во конкуренција со наследниците од првиот,

[28] *Ibid.*, 873.

[29] *Ibid.*

[30] Специфичноста на правата на скандинавските земји, која ги разликува во однос на останатите права во Европа, се гледа во фактот дека надживеаниот брачен другар, односно истополниот партнер, кој во еден момент се појавува како единствен законски наследник на оставината, после неговата смрт имаат право да го наследат не само неговите наследници, туку и наследниците на претходно починатиот брачен другар, односно истополен партнер. Така во правата на Шведска и Финска, половина од оставината на подоцна починатиот брачен другар ќе им припадне на наследниците на претходно умрениот брачен другар, односно на родителите или нивното потомство по право на претставување (но не и на неговите роднини кои влегуваат во третиот наследен ред), додека другата половина ќе им припадне на наследниците на покасно умрениот брачен другар. *Ibid.,* 874, 878.

[31] U. Liin, “Laws of Succession in Europe and Estonia: How Got We Are and Where We Should Be Heading”, *Juridica International,* VI/2001, 119.

вториот и третиот законски наследен ред.[32] Со донесувањето на Законот од 2002 година, наследноправната положба на брачниот другар во француското право беше значително подобрена. Конечно, по речиси 200 години од донесувањето на славниот Француски граѓански законик *(Code Civil)* беше направена реформа со која беа предвидени поголеми наследни права во корист на преживеаниот брачен другар. Имено, за разлика од другите наследноправни законодавства, кои уште во почетокот на XX – от век го предвидоа правото на наследување на брачниот другар во сопственост, во француското право ова решение беше прифатено дури во почетокот на XXI-иот век.

Согласно направената реформа на *Code Civil,* подобрувањето на наследноправната положба на брачниот другар беше реализирана со примена на два правни институти.[33] Прво, тоа беше направено преку признавањето на права поврзани со заедничкото живеалиште, и второ, со предвидувањето на законско наследување во право на сопственост во рамките на првиот наследен ред. Во однос на заедничкото живеалиште, доколку и тоа влегува во оставината, тогаш по смртта на оставителот преживеаниот брачен другар има право да го користи заедничкиот дом, вклучувајќи го и мебелот сѐ до неговата смрт (чл. 764 *Code Civil*). Ако заедничкото живеалиште не е во сопственост на оставителот, преживеаниот брачен другар има право да го користи без надомест во рок од една година. По истекот на овој рок брачниот другар е должен да му плаќа закупнина на сопственикот на домот.[34] Со ваквото решение францускиот законодавец успеал да ги заштити интересите на брачниот другар и да обезбеди негова поголема сигурност до крајот на неговиот живот, а истовремено да ги заштити и легитимните имотни интереси на сопствениците на станот или куќата. Втората новина воведена со реформата на Францускиот граѓански законик од 2002 година се однесува на зголемувањето на делот од оставината што му припаѓа на преживеаниот брачен другар (чл. 757 *Code Civil*). Согласно новите законски решенија, преживеаниот брачен другар во француското право има право на избор кога е повикан на наследство во првиот законски наследен ред: 1) да се стекне со право на сопственост на една четвртина од оставината или 2) да се стекне со право на плодоуживање на целата оставина.[35]

---

[32] Види повеќе кај: D. Guéval, *Successions Libéralités,* Éditions Dalloz, Armand Colin, Paris 1999; A. M. Bell-Macdonald, „French Law of Succession“, *The International and Comparative Law Quarterly,* Vol. 2, No. 3/1953, 415–416; H. et L. Mazeaud, J. Mazeaud, *Leçons de DROIT CIVIL, Tome quatrième,* Éditions Monchrestien, Paris 1963.

[33] L. Garb, 220.

[34] *Ibid*.

[35] J. Vidić, 875.

Во групата на држави во кои во последните години се направени значајни реформи со кои се подобрува наследноправната положба на брачниот и вонбрачниот партнер влегува и Холандија.[36] Ова произлегува од правилата според кои „првостепените потомци на оставителот не добиваат од имотот кој влегува во составот на оставината, туку тие имаат само право да поднесат парично барање, кое одговара на вредноста на нивниот удел во оставината. Ова барање го поднесуваат спрема брачниот другар или вонбрачниот партнер на оставителот, кои ја примаат целата оставина на оставителот, чија парична сума, освен во случаите кога оставителот поинаку не предвидел, или во случај кога заедно брачниот другар и децатата поинаку не предвиделе, се зголемува за законската камата, а станува исплатлива тогаш кога брачниот другар, односно вонбрачниот партнер на оставителот умре, или во случаите кои оставителот ги предвидел во одредбите на својата последна волја.“[37] Во новиот закон, законодавецот се определил да го фаворизира преживеаниот брачен другар и партнер, наспроти потомците на оставителот кои стануваат наследници дури по смртта на брачниот другар или партнерот на оставителот. По волја на тестаторот може во тестаментот да бидат предвидени посебни одредби кои се однесуваат на случаите во кои децата можат да ја бараат вредноста на нивниот дел.[38] Преживеаниот брачен другар во рок од три месеци од смртта на оставителот има право да бара законска поделба на оставината, а тој може и да се воздржи од барањето за законска поделба. Во ваков случај, тој може да се откаже од законската поделба (art. 4:18 BW), што резултира со правото преживеаниот брачен другар и децата подеднакво да бидат овластени да ја наследат оставината. Пожелно е тие да се договорат пред да ја донесат одлуката за начинот на поделбата, при што секој го добива делот врз основа на законот или тестаментот. Тие, исто така, можат да се договорат преживеаниот брачен другар да има право на доживотно уживање на целата оставина, а по смртта сопственоста да ја стекнат без товар децата.[39]

[36] Види повеќе кај: B. E. Reinhartz, „Recent Changes in the Law of Succession in the Netherlands: On the Road towards a European Law of Succession?“, *Electronic Journal of Comparative Law,* Vol. 11.1/2007, 2.

[37] J. Vidić, 875.

[38] Повеќе види кај: B. E. Reinhartz, 4.

[39] Холандското право има специјални одредби кои се однесуваат на правото на децата да бараат нивната мајка да им ги пренесе добрата од оставината на нивниот татко, кога таа ќе одлучи да стапи во нов брак или пак регистрирано партнерство за да: 1) бидат сигурни дека ќе го добијат делот од оставината на нивниот татко и 2) бидат сигурни дека одредени семејни добра нема да преминат кај нивниот очув по смртта на мајката. Така, во одредени случаи, добрата мора да бидат пренесени во право на сопственост, додека во други мајката или очувот го пренесуваат само правото на сопственост, задржувајќи го правото на плодоуживање на добрата. *Ibid.*, 5.

Имајќи го во предвид изложеното, може да се заклучи дека главните промени направени во холандското право се во однос на подобрување на наследноправната положба на брачниот другар. Со нив законодавецот ја избегнал потребата оставителот да прави тестамент за да ги заштити интересите на преживеаниот брачен другар додека е жив, наспроти децата. Ова становиште го потврдува нотарската практика која покажува дека се намалува бројот на тестаменти направени во корист на брачниот другар.[40]

И англиското право, слично како и холандското, предвидува поповолна наследноправна положба на наджевеаниот брачен другар, односно истополен партнер, во однос на потомците на оставителот.[41] Според англиското право, преживеаниот брачен другар или истополниот партнер, во конкуренција со потомците, има право на сопственост на сите подвижни предмети и законски легат кој изнесува 125 000 фунти, како и доживотна камата на половината од преостанатата оставина.[42]

Покрај можноста за зголемување на законскиот дел на преживеаниот брачен другар, многу други европски држави во своите законодавства неодамна вклучија специјални одредби со кои го обезбедуваат правото на преживеаниот брачен другар да продолжи да живее во заедничкиот дом, кој влегува во рамките на оставината на оставителот. Како резултат на променетите општествени и економски прилики, а особено променетата положба и улога на жената во семејството и општеството имотот е признат како заедничко достигнување од работата и стопанисувањето на двајцата брачни другари, а не како наследен семеен имот, кој по смртта поминува од генерација на генерација.  Брачниот дом и неговите содржини се користат од целото семејство, поради што тие имаат несомнено значење за преживеаниот брачен другар, како главен имот кој може во голема мера да го определи неговиот стандард на живеење по смртта на брачниот другар. Подобрувањето на наследноправната положба на брачниот другар, што е основна тенденција во современите законодавства, овозможува тој да ги зачува истите животни услови кои постоеле пред смртта на оставителот. На овој начин, современите законодавства обезбедуваат стабилност за наджевеаниот брачен другар  не само во финансиска, туку и во психолошка смисла.

Со оглед дека просечниот животен век се зголемува, во поголем број случаи смртта на оставителот настапува кога децата се во средни години, имаат работа и поседуваат сопствени куќи или станови. Пора-

[40] *Ibid.*, 6.

[41] Повеќе за англиското право види кај: R. Kerridge, A. H. R. Brierley, *The Law of Succession*, Sweet & Maxell, London 2009; H. Hilary, „New developments in UK Succession Law“, *Electronic Journal of Comparative Law,* december, 2006.

[42] J. Vidić, 875.

ди тоа, кај децата не е толку изразена потребата да добијат наследен дел од домот каде што живееле нивните родители, што не е случај со надживеаниот брачен другар, кој најчесто е во поодминати години, со ниски приходи и за кога останувањето во заедничкиот дом е од големо значење. Во споредбеното право се познати два начини на кој се гарантира можноста преживеаниот брачен другар да продолжи да живее во заедничкиот дом.[43] Во едната група на држави, му се дозволува на преживеаниот брачен другар правото да го користи и владее заедничкиот дом. Во втората група на држави, на преживеаниот брачен другар му се дозволува да стекне право на сопственост на заедничкиот дом.

Во германското право, кога преживеаниот брачен другар или партнер (од истополна заедница) конкурира на наследство со наследниците од првиот наследен ред, има право на една четвртина од оставината во сопственост.[44] Во случај оставителот да не оставил потомци, преживеаниот брачен другар или регистрираниот животен партнер, наследува со наследниците од вториот законски наследен ред. Така, во конкуренција со родителите на оставителот или нивните потомци (браќа, сестри, и нивните потомци) кои наследуваат врз основа на правото на претставување, преживеаниот брачен другар или регистрираниот партнер имаат право на една половина од оставината во сопственост. Положбата на брачниот другар во германското право е засилена и со првенственото право на заедничкиот брачен дом, како и 30 дневното право на издржување (§ 1932 BGB), според кое членот на наследничкото семејство, кој исто така припаѓа на заедничкиот дом може да бара издршка од оставителот во првите 30 дена.[45]

Во италијанското наследно право брачниот другар ужива и едно посебно право – правото да живее во заедничкото живеалиште и право на мебелот (покуќнината) во заедничкото живеалиште. Согласно одредбите на Италијанскиот граѓански законик *(Codice Civile)* овие права му припаѓаат на брачниот другар кога конкурира на наследство со другите наследници, под услов заедничкото живеалиште и/или мебелот (покуќнината) да биле во сопственост на оставителот или да биле во заедничка сопственост (чл. 540 (2)).

Преживеаниот брачен другар во швајцарското право се јавува како наследник во првиот и вториот законски наследен ред. Во првиот законски наследен ред преживеаниот брачен другар има право на ½ од оставината

[43] *Ibid.*

[44] Види повеќе кај: Peter Gottwald, Dieter Schwab, Eva Büttner, *Family and Succession Law in Germany,* Kluwer Law International, Wolters Luwer, 2001; Régimes matrimoniaux successions et libéralités dans les relations internationales et internes, стр. 609.

[45] Види повеќе кај T. Rauscher, „Recent Developments in German Succession Law“, *Electronic Journal of Comparative Law* vol. 14.2, October 2010, 1 et alt.

во сопственост кога на наследството конкурира со потомците на оставителот. Кога брачниот другар конкурира на наследство со родителите на оставителот или нивните потомци, тој има право на ¾ од оставината во сопственост. За разлика од германското и италијанското право, швајцарското право предвидува пристап со кој му се овозможува на преживеаниот брачен другар право да избира помеѓу повеќе можности. Имено, согласно одредбите на Швајцарскиот граѓански законик (*Code Civil Suisse* чл. 612 а), преживеаниот брачен другар може да бара куќата или станот во кој живее да му припадне во сопственост или во доживотно уживање, кое е заштитено како сопственичко право *(Nutzniessung),* а може да бара заедничкиот дом да му припадне без никакво сопственичко право *(Wohnrecht).*[46] Во споредба со другите наследни права, се чини дека швајцарското право е многу пофлексибилно, како од аспект на преживеаниот брачен другар, така и од аспект на интересите на другите наследници.

Во регионалните права на Шпанија, како што се Арагон, Баскија и Каталонија, на одредени лица им се признава правото да продолжат да живеат во заедничкото живеалиште кое припаѓало на оставителот.[47] Во Шпанскиот граѓански законик со кој се уредува заедничкото право на територијата на целата држава, преживеаниот брачен другар наследува во право на плодоуживање кога конкурира на наследство во рамките на првиот и вториот законски наследен ред.[48] На тој начин се овозможува преживеаниот брачен другар да го користи заедничкиот дом до неговата смрт.

Освен во националните законодавства на европските земји, наследноправната положба на брачниот другар се подобрува и во документите на Советот на Европа. Во оваа смисла, во Препораката бр. R (81) 15 на Советот на Европа се бара од земјите членки во своите законодавства да предвидат одредби со кои ќе се овозможи наджевеаниот брачен другар да може да продолжи да живее во заедничкиот дом и по смртта на брачниот другар.

Трендот на подобрување на наследноправната положба на брачниот другар, покрај во европските држави, е присутен и во САД.[49] Во таа смисла, законодавствата на поголем број сојузни држави во своите наследни права предвидуваат решение според кое во случај кога преживеаниот брачен другар конкурира на наследство со децата кои потекнуваат од него и оставителот, целата оставина ја наследува само брачниот другар.[50] Ваквото решение

[46] U. Liin, 121.

[47] Повеќе за ова да се види кај: S. C. Lapuente, „New Developments in the Spanish Law of Succession", *In Dret revista para el analisis del derecho,* Barcelona 2007.

[48] L. Garb, 547.

[49] За ова да се види повеќе кај R. J. Scalise, „New Developements in United States Succession Law", *The American Journal of Comparative Law,* Vol. 54, 2006.

[50] *Ibid.*

се оправдува со становиштето дека директното пренесување на наследството на малолетните деца ќе биде само проследено со непотребни трошоци за старателство на нивните интереси. Ваквите трошоци би се избегнале ако целата оставина, најпрвин ја наследи преживеаниот брачен другар.[51]

Во случај кога оставителот имал деца кои не потекнуваат од преживеаниот брачен другар, тогаш делот на брачниот другар изнесува една половина од оставината, на што се додаваат и првите 100 000 долари од оставината. Ова решение е прифатено од причина што во овој случај законодавецот сметал дека децата подобро ќе управуваат со нивниот дел од оставината, отколку брачниот другар. Во таа смисла, се смета дека и трошоците за назначување на старател на имотот се оправдани.[52]

## 3. НАСЛЕДНОПРАВНАТА ПОЛОЖБА НА БРАЧНИОТ ДРУГАР ВО МАКЕДОНСКОТО НАСЛЕДНО ПРАВО *DE LEGE FERENDA*

Во Република Македонија, за разлика од поголемиот број на европски законодавства, вклучувајќи ги и поранешните југословенски републики,[53] решенијата за наследноправната положба на брачниот другар не се промениле повеќе од шест децении. Имајќи предвид дека е во тек најголемата реформа во македонскиот правен систем преку изготвувањето на Граѓанскиот законик, една од позначајните реформи, меѓу другото, во сферата на наследувањето ќе биде подобрувањето на положбата на брачниот партнер. Оваа реформа е неопходна со оглед на драматичните промените кои се случуваат во последните децении во брачните и семејните односи, кои имаат влијание на појавата на современата тенденција на подобрување на положбата на надживеаниот брачен партнер во современите законодавства. Поаѓајќи од ова, во Преднацртот на Книга IV наследно-правни односи од Граѓанскиот законик се предлагаат повеќе новини со кои се очекува значајно да се подобри положбата на надживеаниот брачен партнер.[54] Во таа смисла, се предлага да се ограничи можноста на децата од претходните бракови на оставителот

---

[51] *Ibid.*

[52] *Ibid.*

[53] За промените во наследните законодавства на поранешните југословенски републики види повеќе кај: O. Antić, Z. M. Balinovac, *Komentar Zakona o nasleđivanju,* Beograd 1996; Д. Ѓурѓевиħ, „Актуелна реформа наследног права у Црној Гори“, *Анали Правног факултета у Београду* 1/2009; Lj. Kadić, „Osvrt Predlog Zakona o nasleđivanju Crne Gore“ *Zbornik Pravnog fakulteta u Podgorici, In memoriam prof. dr Branislav Tomković,* br. 38, Podgorica 2008; Petar Klarić, Martin Vedriš, *Građansko pravo,* Narodne novine, Zagreb 2006; K. Zupančić, *Dedovanje z uvodnim pojasnili*, ČZ Ur. List RS, Ljubljana 2002.

[54] Повеќе за ова види кај: Д. Мицковиќ, А. Ристов, *Закон за наследувањето*, Стоби трејд, Скопје 2015.

да бараат намалување на делот на брачниот партнер со исполнување на одредени субјективни критериуми – да немаат доволно средства за живот или да се неспособни за работа. Ваквата промена е неопходна со оглед дека во практиката постојната одредба често се злоупотребува на штета на надживеаниот брачен партнер. Следна новина која се предлага е задолжителното издвојување на делот од заедничкиот имот на надживеаниот брачен партнер од оставината на оставителот. Недостатокот од ваква задолжителна одредба во постојното законодавство создава бројни проблеми и дилеми за практичарите при распределувањето на оставината. Оваа правна празнина доведува до чести судски спорови поврзани со ова прашање.[55] Со предвидување на задолжително издвојување на делот од заедничкиот имот на надживеаниот

[55] 1. Судот може да утврди ништовност на договорот со кој еден од брачните другари, без согласност на другиот, го оттуѓил имотот за кој судот утврдил дека е нивна заедничка сопственост, а притоа да го утврдува уделот на брачните другари во тој имот. (Врховен суд на Хрватска, Рев. 1628/85 од 7.XI.1985. година). 2. Наследниците имаат право да бараат утврдување на правото на сопственост врз основ на стекнување во брак на нивните родители (заеднички имот). Околноста што недвижноста, стекната во брачна заедница, во земјишните книги се води само на еден брачен другар, не го исклучува другиот брачен другар, односно неговиот наследник, да бара да се утврди придонесот на двајцата брачни другари, т. е. родителите на наследникот. *(Одлука на Врховниот суд на Србија, Гж. 1574/78).* 3.Делумно се уважува тужбеното барање на тужителот Б.Ф. од Скопје. Се утврдува дека покојната З.Ф. од Скопје се стекнала со сопственост на ½ идеален дел од стан во Скопје со површина од 60 м2 и подрум од 10 м2 како имот стекнат во текот на бракот со покојниот Г.Ф од Скопје, кој е татко на тужителот и тужениот. Се утврдува дека ½ од станот е во сопственост на З.Ф., бивша од Скопје, и се задолжува тужениот М.Ф. да му го признае ова право на тужителот Б.Ф од Скопје. Се утврдува ништовност на член 1 од Договорот за доживотна издршка склучен на 15.09.1999 година помеѓу Г.Ф. бивш од Скопје, како примател на издршката и М.Ф. од Скопје како давател на издршката. Причина за ова е што Г.Ф. располагал со целиот стан од 60 м2 и подрум од 10 м2, а како сопственик на ½ од станот се јавува неговата сопруга, З.Ф. поради тоа што станот бил стекнат во текот на траењето на бракот. Во овој случај судот требало да утврди дали е основано тужбеното барање со кое се бара поништување на договорот за доживотна издршка со кој примателот на издршката располагал со целиот стан, и покрај тоа што тој бил стекнат во текот на траењето на бракот со неговата сопруга, која починала пред него. Таткото и мајката на тужителот и тужениот, кои се браќа, стекнале во текот на животот заеднички стан. Прво починала мајката на тужителот и тужениот, а тужениот со таткото склучил Договор за доживотна издршка, во кој таткото располагал со целиот стан. Согласно Законот за семејството (чл. 205) имотот кој брачните другари ќе го стекнат во текот на траењето на бракот е заеднички брачен имот, и од него на секој од двајцата брачни другари припаѓа по една половина. Мајката на тужителот починала пред таткото на тужителот, така што на неа и припаѓа една половина од станот, а другата половина му припаѓа на таткото. Судот смета, од изведените докази, дека покојниот Г.Ф, како примал на издршката, не можел да располага со целиот стан, поради тоа што ½ и припаѓа на неговата покојна сопруга и претставува нејзина оставина. Договорот помеѓу Г.Ф. и неговиот син е делумно ништовен, и судот делумно го уважува тужбеното барање. Според тоа, договорот за Доживотна издршка не се однесува на целиот стан, туку само на една половина од станот, колку што му припаѓа на починатиот Г.Ф. *(Пресуда на Основниот суд Скопје 2 граѓански суд П. Бр. 8307/07).*

брачен партнер би се олеснила работата на нотарите, би се зголемила правната сигурност и остварувањето на правата на граѓаните во наследното право и би се спречиле непотребните скапи и долги судски постапки.

Најзначајна новина со која суштествено ќе биде подобрена положбата на надживеаниот брачен партнер е предвидувањето на правото на плодоуживање на заедничкото живеалиштево рамките на вториот законски наследен ред. Во важечкото македонско наследно, за разлика од поголем број други законодавства во европските земји, не постојат одредби со кои се уредува можноста надживеаниот брачен партнер да продолжи да го користи заедничкиот дом и по смртта на оставителот. Ваквото решение во практиката создава проблеми, особено за постарите лица кои продолжуваат да живеаат во заедничкиот дом, а останатите наследници бараат да биде извршена делба на оставината. Имајќи предвид дека најчесто заедничкиот дом претставува најзначаен дел од оставината, доколку се дели оставината, тој мора да се продаде за да може да се намират наследните делови на сите законски наследници. Во таков случај, надживеаниот брачен партнер би добил само мал паричен износ (чија големина зависи од бројот на другите наследници) кој најчесто не е доволен за да го реши станбеното прашање. Врз основа на решенијата од споредбеното право како и проблемите кои се присутни во практиката, сметаме дека е потребно законодавецот да предвиди решение според кое во вториот законски наследен ред преживеаниот брачен партнер ќе има право на плодоуживање на заедничкиот дом. Со тоа преживеаниот брачен другар станбено би бил обезбеден до крајот на животот, а останатите наследници би можеле да го продадат и поделат заедничкиот дом по неговата смрт.

## ЛИСТА РЕФЕРЕНЦИ

### Библиографске референце


1. Antić, Oliver, Balinovac, Zoran M., *Komentar Zakona o nasleđivanju,* Beograd 1996;
2. Bell-Macdonald, A. M., „French Law of Succession“, *The International and Comparative Law Quarterly,* Vol. 2, No. 3/1953;
3. Bensadon, Ney, *Les droits de la femme,* Presses Universitaires de France, Paris 1980;
4. Blagojević, Borislav T., *Nasledno pravo u Jugoslaviji, prava republika i pokrajina,* Savremena administracija, Beograd 1983;
5. Vidić, Jelena, „Naslednopravne posledice odnosa srodstva, braka i vanbračne zajednice“, *Pravni život* 11/2009;
6. Garb, Louis, *International Succession,* Kluwer Law International, 2004;

7. Guéval, Didier, *Successions Libéralités,* Éditions Dalloz, Armand Colin, Paris 1999;
8. Gottwald, Peter, Schwab, Dieter, Büttner, Eva, *Family and Succession Law in Germany,* Kluwer Law International, Wolters Luwer, 2001;
9. Ђорђевић, Владислав Ђ., *Наследно право,* Правни факултет, Ниш 1997;
10. Ѓурѓевић, Дејан, „Актуелна реформа наследног права у Црној Гори“, *Анали Правног факултета у Београду* 1/2009;
11. Zupančić, K., *Dedovanje z uvodnim pojasnili*, ČZ Ur. List RS, Ljubljana 2002;
12. Kadić, Ljiljana, „Osvrt Predlog Zakona o nasleđivanju Crne Gore“ *Zbornik Pravnog fakulteta u Podgorici, In memoriam prof. dr Branislav Tomković,* br. 38, Podgorica 2008;
13. Kerridge, Roger, Brierley, A. H. R., *The Law of Succession*, Sweet & Maxell, London 2009;
14. Klarić, Petar, Vedriš, Martin, *Građansko pravo,* Narodne novine, Zagreb 2006;
15. Lapuente, Sergio Cámara, „New Developments in the Spanish Law of Succession“, *In Dret revista para el analisis del derecho,* Barcelona 2007
16. Liin, Urve, "Laws of Succession in Europe and Estonia: How Got We Are and Where We Should Be Heading", *Juridica International,* VI/2001;
17. Mazeaud, Henri et Léon, Mazeaud, Jean, *Leçons de DROIT CIVIL, Tome quatrième,* Éditions Monchrestien, Paris 1963;
18. Мицковиќ, Дејан, *Семејството во Европа XVI-XXI век*, Блесок, Скопје 2008;
19. Мицковиќ, Дејан, Ристов, Ангел, *Закон за наследувањето*, Стоби трејд, Скопје 2015;
20. Мицковиќ, Дејан, Ристов, Ангел, „Промените во семејството и реформите во семејното право во Европските земји“, *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Наум Гризо,* Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Скопје 2010;
21. Мицковиќ, Дејан, Ристов, Ангел, *Граѓанско применето право, Наследно право*, Блесок, Скопје 2011;
22. Мицковиќ, Дејан, Ристов, Ангел, „Наследување врз основа на правото на претставување“, *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Љиљана Спировиќ Трпеновска,* Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Скопје 2012;
23. Поповска, Билјана, *Историја на правото I дел,* 2 Август С, Скопје 2005;
24. Rauscher, Thomas, „Recent Developments in German Succession Law“, *Electronic Journal of Comparative Law* vol. 14.2, October 2010;
25. Reinhartz, B. E., „Recent Changes in the Law of Succession in the Netherlands: On the Road towards a European Law of Succession?“, *Electronic Journal of Comparative Law,* Vol. 11.1/2007;
26. Scalise, Ronald J., „New Developements in United States Succession Law“, *The American Journal of Comparative Law,* Vol. 54, 2006;

27. Spellenberg, U. *et al.*, *Recent developments in succession law – Law in motion,* Kluwer, Antwerp 1997;
28. Спировиќ Трпеновска, Љиљана, „Зголемување и намалување на наследните делови“, *Зборник на трудови на Правниот факултет Јустинијан Први во чест на проф. д-р Панта Марина,* Скопје 2008;
29. Спировиќ Трпеновска, Љиљана, Мицковиќ, Дејан, Ристов, Ангел, *Наследното право во Република Македонија,* Блесок, Скопје 2009;
30. Спировиќ Трпеновска, Љиљана, *Наследно право,* 2 Август, Скопје 2009;
31. Спировиќ Трпеновска, Љиљана, Мицковиќ, Дејан, Ристов, Ангел, „Современите тенденции во наследното право“, *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Никола Матовски,* Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Скопје 2010;
32. Спировиќ Трпеновска, Љиљана, Мицковиќ, Дејан, Ристов, Ангел, *Наследувањето во Европа,* Блесок, Скопје 2011;
33. Place, Marie Hélène, Le Miere, Patrick Gauchois, *Guide pratique de la transmission du patrimoine en Europe,* Editions Litec, 1993;
34. Хаџи Василев Вардарски, Миле, *Наследно право,* Култура, Скопје 1983;
35. Hilary, Hiram, „New developments in UK Succession Law“, *Electronic Journal of Comparative Law,* december, 2006;
36. Ристов, Ангел, Кочковска, Катерина, „Правото на претставување, правото на прираснување и наследничката трансмисија во македонското наследно право“ *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Кики Мангова Поњавиќ,* Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Скопје 2012;
37. Чавдар, Кирил, *Коментар на законот на наследувањето*, „Академик“, Скопје 1996.

Правни прописи

1. *Врховен суд на Хрватска, Рев. 1628/85 од 7.11.1985*;
2. Закон за наследувањето, *Службен весник на СРМ*, бр. 35/73 и 27/78;
3. Закон за наследување, *Службен весник на Република Македонија*, бр. 47/96;
4. Одлука на Врховниот суд на Македонија, Рев. 156/63 од 9.01.1964;
5. *Одлука на Врховниот суд на Војводина, Рев-256/58*;
6. Одлука на Врховниот суд на Војводина, Гж - 1806/71;
7. *Одлука на Врховниот суд на Србија, Гж. 1574/78*;
8. *Одлука Окружног суда у Београду, Гж. 4250/88*;
9. *Пресуда на Апелациониот суд Штип ГЖ бр. 1434/09 од 11.02.2010*;
10. *Пресуда на Основниот суд Скопје 2 граѓански суд П. Бр. 8307/07*;
11. Сојузниот закон за наследувањето, *Службен лист на СФРЈ*, бр. 20/55, 12/65 и 42/65.

*Full Professor Dejan Mickovik, LL.D.*
*Associate Professor Angel Ristov, LL.D.*

Faculty of Law „Iustinianus Primus“, Sкоpje

**INHERITANCE LAW POSITION OF SPOUSE IN THE MODERN LEGISLATIONS**

*Summary*

In modern legislations legal heirs shall be determined on the basis of kinship, marriage and other key factors related to the deceased. Today, unlike in the past, the importance of the marriage has increased in the succession. The main reason for the improvement of the inheritance position of the spouse are the changes in the marriage, family and family relationships arising from the transformations in the modern societies. These changes have a significant impact on the improvement of the inheritance position of the spouse in inheritance law reforms.

**Key words:** *Inheritance Law; Spouse; Succession; Marriage.*